# ЗАПИСНИК

Записник од одржаната Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животна средина за спроведување на проектот: “Изградба на регионален пат Р-1106 Скопје - Македонски Брод, Делница Нова Брезница - Кула - Коломот “, Одржана на ден 05.11.2012 (понеделник) во Големата Сала во Општина Македонски Брод со почеток во 12.00 часот

На ден 05.11.2012 година, во Големата Сала во Општина Македонски Брод, се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот “Изградба на регионален пат Р-1106 Скопје - Македонски Брод, Делница Нова Брезница - Кула - Коломот“. Јавната расправа која ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот Агенција за државни патишта , започна во 12:15 часот.

**Присутни:**

- Билјана Спироска, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
- Дејана Тодоровски, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП),
- Јоже Јовановски, претставник на страна на инвеститорот Агенција за државни патишта,
- Ленче Јанева, експерт за оцена на влијание врз животната средина и одговорна за Студијата за ОВЖС;
- Представник од “Прима Инжинеринг“ ДОО од Скопје;
- Представници од страна на Општина Македонски Брод;
- Засегната граѓани (Листа на присутни дадени во Прилог).

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред**:

**1. Отварање -** Јавната расправа ја отвори Билјана Спироска. По претставување на присутните претставници од страна на министерството, инвеститорот и изготвувачот на Студијата и даде збор на Ленче Јанева да изврши презентација на Студијата за ОВЖС.

**2.Презентација на студијата за оцена на влијанието врз животната средина**

Цел на проектот е изградба на регионален пат Р1106 со вкупна должина од 16,243 км со проектирана фреквенција на возила помала од 1000 возила на ден.

Проектираната траса воглавно го следи постојниот пат со отстапување кај месноста Капина. Трасата на патот може да се подели во три дела и тоа: Од Нова Брезница до Кула (ридчест терен), од Кула до Капина (планински терен со стрмни падини) и од Капина до Коломот (ридчест терен). За наведените делници се подготвени можни варијантни решенија кои се дадени во поглавје 7 само во делот од Кула до коломот. Усвоена е варијанта бр.5 во договор со Јасен и Министерството за одбрана. Трасата поминува низ општините: Сопиште, Желино и Македоснки Брод односно КО Нова Брезница, КО Луковица и КО Здуње. Најголем дел од трасата се протега низ заштитеното подрачје “ЈАСЕН“.

Врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП го задолжи Инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина. Според насоките од УЖС во Студијата анализирани се можните влијанија од изградбата и експлоатацијата на регионалниот пат врз животната средина и тоа: влијание од подготвителните работи на теренот, влијание врз воздухот, влијание врз водите, влијание врз почвата, појава на отпад, влијание врз животната средина при минирање, влијание врз пределот и визуелни ефекти, влијание врз флората и фауната, ризик од инциденти, бучава, вибрации, влијание врз археолошките локалитети и останати влијанија.

Направена е анализа за можни влијанија од реализација на проектот и предложени се заштитни мерки за ублажување и компензација на потенцијалните негативни влијанија за кои инвеститорот се обврзува да ги почитува.

**3. ДИСКУСИЈА**

**1. Прашање (со 4 забелешки):** Михаил Малахов, директор на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" (ЈПУЗПП "ЈАСЕН"). Најпрво го искажа своето задоволство од спроведувањето на проектот и изготвувањето на Студијата за ОВЖС. Тој потенцираше дека овој пат е неопходен зашто од него зависи развојот на Поречјето. Директорот истакна дека организирале и одржале средба со изговувачите на Студијата каде што ги разгледале меѓудругото отворените прашања и забелешки во Студијата. Меѓу кои се:

**1. Забелешка** по однос на управувањето на подрачјето од делницата од Нова Брезница до Кула каде во Студијата стои „Македонски шуми", а треба да стои ЈПУЗПП "ЈАСЕН". Директорот истакна дека со одлука на Влада на Р. Македонија е основано Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" кое управува со заштитеното подрачје. Тој изрази задоволство дека во презентацијата оваа забелешка е веќе вградена.

**Одговор:** Оваа забелешка е прифатена од страна на изготвувачите, истата ќе се корегира во Студијата,

**1.1. Потпрашање:** Билјана Спироска праша кога бил одржан состанокот и зошто Министерството за животна средина и просторно планирање кое ја води постапката за ОВЖС не било известено за истиот.

**Одговор:** Михаил Малахов рече дека состанокот е одржан на 23 јули 2012 година и тврдеше дека испратил допис до МЖСПП до директорот на УЖС со кој го кани МЖСПП на состанокот.

**2. Забелешка:** ЈАСЕН како субјект за управување со заштитени подрачја, да учествува како субјект во мониторингот на сите дејства што ќе се одвиваат за време на градбата и да може да дава свои забелешки на управувањето.

**Одговор:** Оваа забелешка е прифатена од страна на изготвувачите на Студијата

**3. Забелешка:** Кон одредени практични делови од Студијата, бараат да се направат сервисни патишта, за да не се блокира патот во време на градба (за итни работи, пожари, движење на населението), особено во делот на Кула – Капина. Ова барање да се вметне во проектната документација.

**Одговор:** На оваа забелешка претставникот од "Прима Инжинеринг" одговори дека со самите градежни работи на патот се прави доволно поширок простор (профил од мин. 10м) низ кој ќе може да поминуваат возилата на населението, но и самата механизацијата што ќе работи на патот и затоа ќе нема потреба од нови патишта освен што ќе има регулиран проток на сообраќај со сигнализација за време на градбата..

**4. Забелешка:** Во делот на премините и тунелите за дивечот од Студијата, смета дека висината на премините од 1 до 1,5м не е доволна и сугерираше густината на премините да се намали а висината да се зголеми до околу 2м, пред се заради еленскиот дивеч на подрачјето.

**Одговор:** Оваа забелешка е прифатена од страна на изготвувачите на Студијата. Имено, тие може да се зголемат во висина во Основниот Проект како барања, а може да се намали и нивниот број. Овие податоци за премините сега се од идејниот проект.

**2. Прашање:** Зоран Новески, раководител на Сектор за урбанизам од општина Македонски Брод. Варијантата бр. 5, која се предлага да се прифати за изградба на патот во делот кај Капина е со многу серпентини. Дали може истите да се избегнат? На ова прашање се надоврза Пецо Стојковски од општина Македонки Брод со истата забелешка.

**Одговор:** Наки Костов, проектант од "Прима Инжинеринг" ДОО од Скопје истакна дека оваа варијанта е согласно насоките од Министерството за одбрана поради постоење на два објекти крај Капина. Новиот пат по коридор го следи стариот пат со планум 2,5м, а новиот пат ќе биде со планум од 8м, остапувањето е само кај Капина, во што и се разликува оваа варијанта. Зашто е постапено конкретно со оваа варијанта е на основа и на состаноците со министерство за одбрана и тоа е документирано. Можност за промена на трасата во овој дел ќе нема.

**3. Прашање:** Војо Радески, подрачна единица за заштита и спасување М. Брод. Во оперативна фаза потребно е да се земат во предвид мерките од Правилникот за посебни мерки за заштита на шумите од пожари и затоа потребно е да се постави пожарен заштитен појас на патот (во пракса не е применет досега).

**Одговор:** Ленче Јанева, рече дека има одредени мерки за заштита од пожар во Студијата за ОВЖС (чистење и одржување на патот, чистење на вегетација, складирање на запалливи материјали,

мерки за инцидентни состојби), но можност за поширок пожарен заштитен појас на патот нема да има можност заради теренските услови и ќе предизвика уште повеќе зеленило.

**4. Прашање:** Златко Лазески, сообрајќаен инжинер. Во Студијата за ОВЖС е наведено дека максималниот надолжен наклон на трасата е 14% и прашува по кои стандарди и нормативи е предвидено ова?

**Одговор:** Наки Костов, проектант од "Прима Инжинеринг" ДОО од Скопје одговори дека патот е проектиран со максимален наклон од 10% (12%). Најверојатно во Студијата е направена техничка грешка.

**5. Прашање:** Јоже Јовановски, претствник од Агенцијата за државни патишта. На страна 164 од Студијата во Мерките за ублажување на влијанието врз шумските станишта во тек на градба е наведено дека треба да се обесштети јавното претпријатие за сметка на исечената шума со износ од 57.535,00 евра. Прашањето е во однос на дообјаснување на формулацијата во Студијата во делот на обесштетување и прашањето е кој ќе го обесштети јавното претпријатие?

**Одговор:** Изготвувачот на Студијата кажа дека тоа е обврска на инвеститорот и треба да се обесштети „Јасен". Ова е според Законот за шуми и овие шуми во Јасен се за посебна намена каде нема гола сеча туку поред. Таа површина што ќе се уништи треба да се насади се определува со посебен Елаборат. Формулацијата на овој дел треба да биде појасно наришана во Студијата за ОВЖС.

**6. Прашање:** Вања Маџоска, инспектор за животна средина од општина Македонски Брод. Кој ќе биде надлежен за мониторингот во однос на мерките од Студијата, дали комплетно ќе биде надлежно МЖСПП или ќе има ингеренции и локалната самоуправа?

**Одговор:** Ленче Јанева, изготвувач на Студијата нагласи дека во делот за Мониторнигот од Студијата, се наведени активностите за мониторинг и задолжените институции за спроведување на тој мониторинг план согласно законските обрвски.

Други дискутанти не се пријавија и јавната расправа ја затвори Билјана Спироска во 13:30 часот.

**Записничар:**
Билана Спироска